Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

# Извештај за постапувањето на КСЗД по претставки за заштита од дискриминација

## период април-јуни 2024 година

Скопје, јули 2024 година

# 77

физички и правни лица поднеле претставка до КСЗД за заштита од дискриминација

# 16

случаи на утврдена дискриминација во периодот од април до јуни 2024 година

*Изразите во овој извештај кои имаат родово значење се однесуваат подеднакво на машкиот и женскиот род*

# ПРЕДМЕТИ ЗА ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА




Во вториот квартал на 2024 година, до КСЗД се доставени 77 претставки и тоа 61 од физички лица и 16 од правни лица.

Во споредба со истиот период во 2023 година, бројот на поднесени претставки е зголемен за 4,05%.




Од подносителите физички лица 25 не доставиле податок за припадноста на пол. Од оние кои доставиле, 21 (58,33%) биле жени и 15 (41,67%) биле мажи.




Во однос на националната припадност, 24 граѓани не се изјасниле. Од оние кои се изјасниле 27 биле Македонци, 7 Албанци, и еден Влав. До КСЗД се доставени и две претставки од граѓани кои се изјасниле за друга етничка припадност (еден хрватска, а другиот не ја посочил припадноста).




Во поглед на возраста, најмногу претставки се поднесени од граѓани на возраст 41-50 години (16 претставки).
Податок за нивната возраст не доставиле 25 подносители на претставки.

## МАПА НА ПОДНЕСЕНИТЕ ПРЕТСТАВКИ




52 претставки поднеле граѓани/правни лица од Скопје. Потоа следат:

- по четири од Битола и Велес
- три од Штип
- по две од Прилеп и Тетово
- по една претставка од Берово, Делчево, Долнени, Илинден, Кавадарци, Кочани и Струга.

Две претставки се поднесени од граѓанска организација со седиште во Белгија, а еден подносител е со адреса на живеење во Германија.

## ДОНЕСЕНИ ОДЛУКИ НА КСЗД ВО ВТОРИОТ КВАРТАЛ НА 2024




Во второто тримесечје на 2024 година, КСЗД донесе вкупно 71 одлуки* по предмети за заштита од дискриминација.

Донесени се 37 мислења од кои во 16 случаи се утврди дискриминација, а во 21 не се утврди дискриминација.

Се отфрлиле, односно не се постапувало или била запрена постапката по 34 претставки.

Заклучно со 30 јуни 2024 година, бројот на тековни постапки изнесува 88.

*Од донесените 71 одлуки во вториот квартал на 2024 година, едно е мислење со кое не се утврди дискриминација, а се однесуваше за еден ист настан за кој беа поднесени 56 претставки.

# УТВРДЕНА ДИСКРИМИНАЦИЈА

## Видови на утврдена дискриминација




Директна дискриминација е утврдена во 10 случаи, од кои три како дискриминација во потежок облик - во еден како интерсекциска, во друг како продолжена и во последниот како повеќекратна и продолжена дискриминација по перцепција. Индиректна дискриминација се утврди во два случаи, вознемирување во шест, повикување, поттикнување и инструкција за дискриминација во два и виктимизација во три случаи.

## Основи на утврдена дискриминација




Во 16-те случаи на дискриминација, КСЗД утврди повреда на правото на еднаквост врз 13 различни основи. Најчесто утврдени основи на дискриминација во 2-от квартал на 2024 година се сексуална ориентација и попреченост, а потоа следат етничка припадност, род и политичко уверување. Утврдени се и пет случаи на дискриминација врз друга основа: два врз основа на членување во синдикат и по еден случај врз основа на друг статус, место на живеење и оневозможување на пристап до работно место.

## Области на утврдена дискриминација




Најмногу случаи на дискриминација во 2-от квартал на 2024 година, биле утврдени во областа на работата и работните односи, а потоа следат областите пристап до добра и услуги и јавно информирање и медиуми. КСЗД утврди дискриминација и во областите култура, образование, правосудство и управа, членување и дејствување во синдикални организации. Во еден случај се утврди дискриминација сторена во две области.

# СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

**Повеќекратна и продолжена дискриминација по перцепција врз основа на етничка и расна припадност, сексуална ориентација и попреченост**

По претставката која беше поднесена од ученик, против СОУ „ Гимназија Кочо Рацин“ од Велес, каде беше наведено дека подносителот во континуитет е жртва на врсничко насилство, а дел од професорите биле и сведоци на тоа, Комисијата, покрај повеќекратната и продолжена дискриминација по перцепција, врз основа на етничка и расна припадност, сексуална ориентација и попреченост, во овој случај утврди и вознемирување врз основа на етничка и расна припадност, сексуална ориентација и попреченост, како и виктимизација.

КСЗД, во своите препораки му наложи на средното училиште да преземе мерки против булинг, да изрече педагошки мерки против соучениците сторители на булингот, училиштето да донесе интерна политика или протокол за спречување и заштита од насилство и дискриминација и да ги зајакне капацитетите на вработените за препознавање, заштита и превенција од дискриминација, особено на основите попреченост, раса, боја на кожа, етничка припадност, родов идентитет и сексуална ориентација во рок од три месеци, а понатаму да спроведува континуирани обуки за зајакнување на знаењата и капацитетите на персоналот за инклузивност и недискриминација.

СОУ„ Гимназија Кочо Рацин“ од Велес, ја извести Комисијата дека е започнато исполнувањето на препораките.

**Директна интерсекциска дискриминација врз основа на род и религија или верско уверување**

По добиена претставка за не дозволување влез во скопски ресторан заради носење шамија како религиско обележје, КСЗД утврди директна интерсекциска дискриминација врз основа на род и религија или верско уверување во областа на пристап до добра и услуги. При тоа, во текот на увидот, Комисијата утврди дека ваквото однесување од страна на менаџерскиот тим на ресторанот било веќе востановена практика.

Во својата препорака, КСЗД посочи дека конкретниот ресторан треба да ја отстрани дискриминацијата на начин што ќе им овозможи пристап до добрата и услугите кои ги нуди на сите граѓани и во иднина нема да го ограничува пристапот до кафе барот и ресторанот и врз било која дискриминаторска основа што би можело да доведе до нееднаков пристап и дискриминаторски третман.

ул. „Даме Груев“ бр. 1, 1000 Скопје

+ 389 23 232 368
+ 389 23 216 892

contact@kszd.com
www.kszd.mk